Врз основа на член 333 од Законот за трговски друштва и член 20 од Статутот на Тетекс АД Тетово, Собранието на акционери на Друштвото на својата седница одржана на ден 26.04.2023 год. ја донесе следната

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан
ТЕТЕКС АД
Бр. 0201 - 603/9
26 07 2023 год.
ТЕТОВО

# О Д Л У К А

## За стекнување на сопствени акции со откуп

### Член 1

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп. Стекнатите акции со откуп не можат да бидат повеќе од една десетина од основната главнина на Друштвото.

Откупот на сопствени акции ќе се врши од нераспределена добивка од претходни години и од нераспределената добивка по годишна сметка од 2022 год.

### Член 2

Откупот на акциите од членот 1 на оваа одлука да се изврши најдоцна во рок од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

Противвредноста којашто може да се плати за откуп на сопствените акции од членот 1 од оваа одлука ќе се утврдува спрема движењето на пазарната цена на акциитена Тетекс АД Тетово на Македонската берза на долгорочни хартии од вредност, како и во зависност од понуда и побарувачка на акциите.

### Член 3

Отуѓувањето на откупените сопствени акции согласно оваа одлука да се изврши во роковите утврдени со закон врз основа на одлуките донесени на Собрание на акционери.

Стекнатите сопствени акции доколку не се отуѓат во законски определени рокови, без одлагање мора да бидат поништени во постапка согласно со закон .

### Член 4

Се овластува Одборот на директори да донесе одлука за назначување на лице овластено во име на Друштвото да ги презема и врши потребните активности околу купувањето на акциите што ќе се продаваат на Македонската берза за долгорочни хартии од вредност.

Минималната цена по која ќе се врши откупот на сопствени акции се утврдува на 2.000 ден. по акција, додека максималната цена по акција по која ќе се врши откупот, не може да биде повисока од 10% од последната официјална просечна пазарна цена на акциите издадени од Тетекс АД Тетово, на денот на стекнување на акциите.

### Член 5

Одлуката стапува на сила со денот на донесување

Волнарски комбинат Тодор Циповски-Мерџан ТЕТЕКС АД ТЕТОВО

Собрание на акционери на Тетекс АД Тетово

Председавач
Светлана Соколовска